Република Македонија
Бр.25- ______ /__

___.10.2012година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ ЗАКОНОТ ЗА НАДЗОР НА ПАЗРОТ

Усогласеност со Годишната програма на Владата:
**ДА**

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:

**ДА** ДЕЛУМНО НЕ

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:

**Прва наредна седница**

Карактер на материјалот:

- **слободен пристап**
- ограничена употреба
- класифицирана информација (државна тајна, строго доверливо, доверливо, интерно)

Итност на материјалот:

Итно

Прилог:

-Мислење од Секретаријатот за законодавство

Дата на доставување на материјалот: .
2012 година

МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА

Ваљон Сараќини

___________________

J

Изработил:Нериман Џеладини
Контролирал: Нериман Џеладини
Одобрил : Билјана .Д . Стојановска
Согласен : Анче Трифунов

Предлог на закон за изменување  и дополнување на Законот за надзор на пазарот

**1.Осврт по материјалот:**

Со Предлогот за измени и дополнување на  законот за надзор на пазарот  се доусогласува Законот за надзор на пазарот ( Службен весник на Република Македонија бр.48/10) со коментарите дадени од страна на Европската Комисија во насока на подобрување на законот согласно прогресот направен во оваа област односно во деловие на размената на информациите помеѓу органите на надзор на пазарот на РМ и земјите членки и соработката со Комисијата на ЕУ надлежна за надзорот на пазар, воедно и терминолошко доусогласување  и по однос на преземањето на ефективните мерки од страна на органите за надзор на пазарот и Царинската управа при пуштање на производите на пазар.

**2. Разгледани можни решенија (за и/или против аргументи) :**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации**:

Со Министерство за информатичко општество и  администрација .

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:**

НЕ

**5. Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:**

НЕ

**6. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог):**

ДА

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува усвојување на Предлог на законот за изменување и дополнувањата на Законот за надзор на пазарот.

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**9. Очекувани влијанија:**

**10 .Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

Предлог на законот за изменување и дополнувањата на Законот за надзор на пазарот е усогласен со Секретаријатот за законодавство.

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ**

<table>
<tr><td colspan="2">1. Назив на предлогот:<br>- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот</td><td colspan="2">2. Министерство/ орган на државна управа:<br>- Министерство за економија</td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Цел на предлогот:<br>-Донесување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот</td><td colspan="2">4. Вид на предлог:<br>- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Контакт лице и звање:<br>Нериман Џеладини, раководител на Сектор за внатрешен пазар</td><td colspan="2">6. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>т. 3093-512: ф. 3093-427<br>neriman.dzeladini@economy.gov.mk</td></tr>
<tr><td colspan="4">7. Активност:<br>Закон</td></tr>
<tr><td>8. Вид на бара ње:</td><td>Регулатива во врска со ЕУ</td><td>Нова програма<br><br>(x) зголемување намалување на постоечка програма</td><td>Прераспределба (на средства помеѓу две програми<br><br>Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="4">9. Цел на барањето/ предложената активност:<br>Со Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот се врши усогласување со директивите на ЕУ.</td></tr>
</table>

| 10. Врска со владината програма: /<br><br>- **ДА - НПАА Поглавје 3.01 Слободно движење на стоки** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. Фискални импликации: | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги | | | | |
| Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>Б. Одобрени средства за предлог | / | / | / | / |
| Ц. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>Д. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати | / | / | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>Е. Нето импликации на средствата на органот(Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Каритал<br>Трансфери<br>Вкупно<br>Ф. Зголемување/намалување на приходите | /<br>/ | /<br>/ | /<br>/ | /<br>/ |
| Г. Дополнителни извори на финансирање или споредување на трошоците | / | / | / | / |
| 10. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | / | / | / | / |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г). | / | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | / | | | |
| 14. Дата на извршување на проценката | / | | | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | / | | | |

| | |
|---|---|
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финасии: | / |

| | |
|---|---|
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии: | / |
| 18. Одговор на Министерството - предлагач: | / |
| 19. Одговор од Министерството за финасии: | / |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | НЕ / |
| 21. Одобрено/ Дата:<br><br>____________________ ________________________<br>Државен секретар Ден/ месец/ год. Министер | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

Скопје, октомври 2012 година

ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија бр. 48/10) се уредува општата рамка за координацијата на надзорот на пазарот за производите кои се пуштааат на пазарот, контролата на производите кои се внесуваат на пазарот дали истите ги исполнуваат суштествените барања за општата безбедност, безбедноста на здравјето на луѓето и висок степен на заштита

на јавните интереси , заштитата на потрошувачите и животната средина, а кои со одредени во постојните хармонизирани прописи на Република Македонија .
Инспекцискиот надзор го вршат Државни инспектори по службена должност како планирана инспекција или како реакција на жалби од јавноста (правни и физички лица, граѓани и нивни здруженија или по барање на носителот на правото односно нивните застапници).

Во земјите – членки на Европската Унија концептот за надзор на пазарот има за цел да обезбеди заштита на здравјето и безбедноста на потрошувачите како и правична конкурентност помеѓу фирмите. Надзорот на пазарот значи дека јавните органи вршат инспекција врз производите кои се пласирани на пазарот во врска со тоа дали истите ги исполнуваат законските барања за сообразноста во обележувањето и тестирањето. Надлежните органи при надзорот на производите пласирани на пазарот преземаат дејствија против производителите или увозниците чии што производи не ги исполнуваат суштествените барања за безбедност на производот и техничките барања.

За доуредување на надзорот на пазарот односно воспоставување на една општа рамка на правила и принципи во однос на надзорот на пазарот и акредитирањето, Европскиот Парламент и Советот на 9 јули 2008 година донесе три Регулативи чии одредби меѓусебно се надополнуваат (објавени на 13 август 2008 година) и тоа:

- Регулатива (ЕЗ) бр.764/2008 на Европскиот Парламент и на Советот која ги утврдува процедурите кои се однесуваат на примената на одредени национални технички правила за производи кои легално се пласираат во друга земја членка;

- Регулатива (ЕЗ) бр. 765/2008 на Европскиот Парламент и на Советот која ги утврдува барањата за акредитација и надзор на пазарот во однос на пласирањето на производите на пазарот.

- Одлука (ЕЗ) бр. 768/2008 година на Европскиот Парламент и на Советот за заедничка рамка за пуштање на пазар на производите .

Особено важна за надзорот на пазарот е Регулативата бр. 765/2008 која ги утврдува правилата во четири области еднакво важни за надзорот на пазарот, и тоа:

- Акредитирањето на телата за проценка на сообразноста;
- Рамката за надзор на производите на пазарот;
- Рамката за контрола на производите од трети земји; и
- Општи принципи на CE обележувањето.

Регулативата бр.765/2008 ја подвлекува потребата од воспоставување на една општа рамка на правила и принципи во однос на акредитирањето и надзорот на пазарот.

Со Предлогот за измени и дополнување на законот за надзор на пазарот се доусогласува Законот за надзор на пазарот ( „Службен весник на Република Македонија" бр.48/10) со коментарите дадени од страна на Европската Комисија во насока на подобрување на законот согласно прогресот направен во оваа област односно во деловие на размената на информациите помеѓу органите на надзор на пазарот на РМ и земјите членки и соработката со Комисијата на ЕУ надлежна за надзорот на пазар, воедно и терминолошко доусогласување и по однос на преземањето на ефективните мерки од страна на органите за надзор на пазарот и Царинската управа при пуштање на производите на пазар.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлог законот за надзор на пазарот има за цел: доусогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 765/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 9 јули 2008 година, во насока на склучување на Договорот за оцена на сообразност - АСА – преговори кои се водат со претставниците на Европската Комисија.

Во рамките на Поглавјето 3.01. – Слободно движење на стоки, е едена област со значаен приоритет, и како препорака од страна на ЕК е обезбедување и доусовршување на рамката за надзор на пазарот со уредување на координацијата на надзорот на пазарот, во согласност со областа на примената и односот со другите прописи на производите кои се пуштени на пазарот и контролата на производите кои се внесуваат на пазарот.

Начела на кои се заснива пазарот се: законитост, принципиелност, нелојалната конкуренција , потикнување на конкурентноста и слобода на претприемништвото, одговорност на производителите, овластените застапници, увозниците и дистрибутерите во врска со безбедноста на производите, јавност, ефикасност и рационалност во работењето и сл.

Основните решенија на Предлог законот се дадени во текст на закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот нема финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРЕГЛЕД НА ЗКОНИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог законот и неговото спроведување не се налага потребата од изменување на други закони и прописи.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Предлог законот е усогласен со Регулатива (ЕЗ) бр. 765/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 9 јули 2008 година и АСА-преговори со Европската Комисија-Поглавје 3.01-Слободно движење на стоки.

Предлог на закон за изменување и дополнувања
на Законот за надзор на пазарот

Член 1

Во член 1 по зборовите„ се уредуваат“ се додаваат зборовите„ организирањето, спроведувањето и “ .

Член 2

Во членот 2 по зборовите„ безбедноста “ се брише зборот “ точка„ и се додаваат зборовите „ пропишани во посебните закони“ .

Член 3

Во член 3 став 1 по зборот „ закони‘‘ се додаваат зборовите „како и со хармонизираното законодавство на Европска Унија,‘‘ .

Во член 3 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Одредбите на овој закон се применуваат за производите опфатени со Законот за безбедност на производи и прописите донесени врз основа на тој закон, и согласно членовите 5 до 15 од овој закон.‘‘

(3) Одредбите на овој закон се применуваат за контрола на производи од други земји.

По ставот 3 се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

(4) Со примената на овој закон , нема да ги ограничи органите за надзор на пазарот од преземање на специфични мерки кои се во согласност со Законот за безбедност на производите.

(5) Членовите 16,17 и 18 на овој Закон ќе се применува за сите производи кои се пропишани во националното законодавство и хармонизираното законодавство со ЕУ, и за други закони чии специфични барања во однос на организирање на граничната контрола не се пропишани.“

Член 4

Во член 4 во ставот 1 точките б) , г)и д) се менуваат и гласат :

„б) „пуштање на пазар“ е активност со која производот за прв пат станува достапен на пазарот во Република Македонија или во пазарот на Европска Унија;

г) “овластен застапник” е секое правно или физичко лице основано во Република Македонија или во Европска Унија кое добило писмено овластување од производителот да дејствува во негово име и за негова сметка за посебните активности од кои произлегуваат обврските за застапништво утврдени во овластувањето согласно закон;

д) “увозник” е секое правно или физичко лице основано во Република Македонија или во Европска Унија кое на пазарот во Република Македонија или во Европска Унија пушта производ од друга земја;‘‘

Во ставот 1 по точката ј) се додаваат три нови точки к),л) и њ) и гласат:

„к) „CE ознака“ е ознака со која производителот потврдува дека производот е во согласност со применливите барања утврдени во хармонизираното законодавство со кое се предвидува негово прикачување; и

л) „хармонизирано законодавство“ значи транспонирано законодавство на Европската унија во националното законодавството на Република Македонија со кое се хармонизираат барањата за пуштање на производите на пазарот.

њ) „производ“ се субстанците , подготовка на стоките кои се произведени во пероизводствен процес различни од храна за луѓе, добиточна храна, живи растенија и животни, производи од човечко потекло и производи од растенија и животни кои се однесуваат директно на нивната репродукција.“

Во ставот 1 точката к) станува точка о).

Член 5

Во член 5 во ставот 1 по зборот „ барања‘‘ се додаваат зборовите „ утврдени со Европското законодавство‘‘.
Во член 5 во ставот 2 и 3 по зборот „ со„ зборот „ закон‘‘ се брише и се додаваат зборовите „ националните закони кои се хармонизирани со Европското законодавство‘‘.

Член 6

Пред членот 6 насловот на  Поглавјето II се менува и гласи :

„ ОРГАНИЗИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ”

Членот   6 се менува и гласи :

„ Министерството за економија  ја известува Европската комисија за органите за надзор на пазарот на Република Македонија  и за областите кои се под  нивна надлежност/.

Министерство за економија и обезбедува на јавноста информации за одговорностите и активностите на националните органи за надзор на пазарот и нивните  контакти.“

Член 7

Во ставот 1 од членот  7 по зборовите „координација“ се додаваат зборовите „ и комуникација“.

Член 8

Во член 8 во ставот 1 точка 2 алинеа 1 зборовите „ согласно закон “ се бришат и се додаваат зборовите „кои се предмет на ЕУ хармонизираното законодавство како национално законодавство“.

Член 9

Во членот 10 ставот 3 се менува и гласи:

„Органите за надзор на пазарот вршат и извршуваат  периодични оценувања и ажурирања на своите годишни програми за надзор на пазарот и ги усогласуваат нивните програми со Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки на земјите членки  и истите ги објавуваат на веб  страна.

Во членот 10 по ставот (3)  се додаваат три нови ставови 4, 5 и 6 кои гласат:

„(4) Наредните  усогласувања на  секторските  програми на органите за  надзорот на пазарот или Националната програми за координација и преземање на ефективни мерки ќе бидат јавно достапни веднаш на ист начин  како и со нивното донесување.

(5) Органите за надзор на пазарот може да соработуваат со релевантните оператори за ажурирање на нивните програми.

(6) Државните органи за надзор на пазарот ќе бидат периодично надгледувани и оценувани во однос на нивното извршување на активностите поврзани со надзорот од страна на Владата на Република Македонија . Овие прегледи и оценувања ќе бидат спроведувани најмалку секоја четврта година и нивните извештаи ќе бидат разменети помеѓу Република Македонија, земјите – членки на Европската комисија и ќе бидат достапни на јавноста преку објавување на веб – страна и кога е соодветно преку други средства.“

Член 10

Во член 11 ставот 9 се менува и гласи:

„ Органите за надзор на пазарот водат сметка за доверливоста на податоците, со цел да се заштитат трговските тајни или личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци и прописите за безбедност на класифицирани информации, под услов тие информации да бидат јавни во потполен степен кој е потребен за да се заштитат интересите на корисниците во Република Македонија и земјите – членки во ЕУ.“

.

Член 11

Во Член 12 во ставот 1 по зборовите „ повлекување “ се додаваат зборовите „ и забрана “.

Ставот 2 се менува и гласи:

„ За случаите од став (1) на овој член, Министерството за економија е должно веднаш без одлагање да ја извести Европската комисија преку системот на Заедницата за брзо информирање за производите кои претставуваат сериозна опасност (RAPEX) согласно членот 14 на овој закон.“

Член 12

Во член 13 во ставот ( 1) по зборот „со‘‘ зборот „ закони ‘‘ се брише и се додаваат зборовите „ релевантните ЕУ хармонизирани закони и нациналните хармонизирани закони ‘‘.

Во член 13 во ставот ( 4) по зборот „со‘‘ зборот „ закон ‘‘ се брише и се додаваат зборовите „ релевантните ЕУ хармонизирани закони и нациналните хармонизирани закони ‘‘.

Во член 13 во ставот ( 5) по зборот„ член ‘‘ се става запирка „ ,‘‘ и се додаваат зборовите „ кога мерката е преземена без знаење на економскиот оператор, “.

Член 13

Во член 14 во ставот (1) по зборот „согласно‘‘ се бришат зборовите ,‘‘Законот за безбедност на производите и прописите донесени врз основа на тој закон. ‘‘ и се додаваат зборовите „со став 4 од овој член ,Законот за безбедност на производите и прописите донесени врз основа на тој закон и подзаконскиот пропис за РАПЕХ. Исто така ќе ја информира Европската комисија без одлагање за промената или повлекувањето на било која мерка.“

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

„ (4) За примена на ставовите (1),(2) и (3) од овој член, за рамена на информациите и извршувањето на надзорот на пазарот согласно членот 18 од Законот за безбедност на производите ќе се применува mutatis mutandis.

(5) Министерство за економија – Државниот паарен инспекторат и земјите –членки ќе и обезбедат на Комисијата информации со кои што располагаат а не се веќе предвидени во ставите (1),(2),(3) и (4) на овој член за производите кои што претставуваат ризик во однос , особена на идентификација и утврдување на ризиците, резултатите за спроведените тестирања, преземените провизорни рестриктивни мерки, контактите со засегнатите економски оператори кои се во прашање и нивно одобрување за преземената постапување или не постапување.“

Член 14

Во Гглава III и во насловот на Поглавјето по зборовите „пазарот “ се додаваат зборовите „ во Република Македонија и ЕУ пазарот“.

Во член 16 ставот 1 се менува и гласи:
„ Царинскиот орган во соработка со органите за надзор на пазарот, се надлежни да ги контролираат производите кои се внесуваат на пазарот, во согласност на надлежностите и потребните ресурси за правилно спроведување на нивните задачи утврдени со закон.“

Во ставот (4) по зборот „(1)“ се додадаваат зборовите „ и (2)“
Во ставот (4) точката б) се менува и гласи :

„ производот не го придружува писмена или електронска документација која е задолжителна согласно релевантните Европски закони и хармонизираните национални закони или не е означена согласно тие закони и прописи; “

Во членот 16 по ставот 5 се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат :

„ (6) Во случај на лесно расипливи производи, органите задолжени за граничната контрола , во најголема можна мера треба да се осигураат дека кои било услови што можат да се наметнат во однос на чувањето на производите, паркирањео на возилата за превоз, не се компатабилни за чување на производите.

(7) За целите на дел, се применува членот 15 на овој закон во однос на органите задолжени за гранична контрола, и да не е во спротивност со применливото Европско законодавство, како и националните закони кои утврдуваат специфични сиситеми за соработка помеѓу органите за надзор на пазарот и на самите себе.“

Ставот 6 станува став (8).

Член 15

Во член 17 во ставот (2) по зборот „со‘‘ зборот „закон‘‘ се брише и се додаваат зборовите „Европското законодавство и националните закони кои се хармонизирани согласно законодавство на ЕУ “.

Член 16

Во член 18 во ставот 1 по зборот „ од ‘‘ се бришат зборовите „соодветниот закон‘‘ се додаваат зборовите „ Законот за надзор на пазарот во кои се пропишани и транспонирани одредбите од Регулативата на (ЕС )765/2008 “.

Во ставот 2 по зборот „ со‘‘ се брише зборот„закон‘‘ и се додаваат зборовите „Европското законодавство и националните закони кои се хармонизирани согласно законодавство на ЕУ“.

Во ставот 3 по зборот „ од ‘‘ се бришат зборовите „соодветниот закон‘‘ се додаваат зборовите „ Законот за надзор на пазарот во кои се пропишани и транспонирани одредбите од Регулативата на (ЕС )765/2008 “.

Член 17

Членот 19 се менува и гласи:

„CE ознаката претставува единствена ознака со која се потврдува сообразноста на производот со применливите барања утврдени во Европското законодавство и националните закони кои се хармонизирани согласно законодавство на ЕУ, во кои се уредува и постапката за нејзино ставање.“

Член 18

Насловот на членот 20 се менува и гласи „ Општи принципи за СЕ означувањето“
Членот 20 се менува и гласи:

„

(1) СЕ ознаката се става само од производителот или неговиот овластен застапник.

(2) СЕ ознаката е пропишана и е дел во подзаконските акти донесени согласно Законот за безбедноста на производите а кои се усогласени со Новиот приод на директивите од Европското законодавство.

(3) СЕ ознаката се става само на производи за кои е утврдено нејзино ставање во Европското законодавство и националните закони кои се хармонизирани согласно законодавство на ЕУ и прописите донесени врз основа на тие закони и не се става на ниту еден друг производ.

(4) Со ставање или со прикачување на СЕ ознаката, производителот наведува дека превзема одговорност за сообразноста на производот со сите применливи барања утврдени во Европското законодавство и националните закони кои се хармонизирани согласно законодавство на ЕУ и прописите донесени врз основа на тие закони со кои се уредува постапката за нејзино ставање.

(5) Ставањето на производот ознаки, знаци или натписи со кои ќе се доведат во заблуда трети страни во однос на значењето или формата на СЕ ознаката треба да биде забрането. Секоја друга ознака може да се стави на производот под услов да е видлива, читлива и значењето на СЕ ознаката да не е оштетена. Економските оператори мораат да обезбедат правилна имплементација на одредбите со кои се регулира СЕ ознаката и ќе преземат соодветни мерки во случај на неправилна употреба на ознаката.

(6) Државниот пазарен инспекторат ќе постапува и ќе презема мерки за сторен прекршок , кој може да вклучи и санкции за сериозни прекршувања согласно националното законодавство каде се утврдени прекршоците согласно Законот за прекршоци и Законот за кривично право.
Овие прекршоци ќе бидат пропорционални согласно со тежината на прекршокот и преставува ефикасна мерка против неправилната употреба.“

Член 18

Во членот 23 по зборовите „ (7) се додаваат зборовите „ член 12 став (2) ,“

Член 19

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за надзор на пазарот.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

Со Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија бр. 48/10) се уредува општата рамка за координацијата на надзорот на пазрот за производите кои се пуштааат на пазарот, контролата на производите кои се внесуваат на пазарот дали истите ги исполнуваат суштествените барања за општата безбедност, безбедноста на здравјето на луѓето и висок степен на заштита на јавните интереси , заштитата на потрошувачите и животната средина, а кои со одредени во постојните хармонизирани прописи на Република Македонија .
Инспекцискиот надзор го вршат Државни инспектори по службена должност како планирана инспекција или како реакција на жалби од јавноста (правни и физички лица, граѓани и нивни здруженија или по барање на на носителот на правото односно нивните застапници).

Со (член 1) се доуредува членот 1 од Законот за надзор на пазарот односно се уедува организирањето и спроведувањето на кординираните мерки за надзорот на пазар.

Со член 2 се уредува деак освен со овој закон и посебните закони кои уредуваат надзор на пазарот согласно хармонизираните прописи ќе обезбедуваат заеднички координирани активности.

Со член 3 се менува Членот 3 од Законот за надзор на пазарот се со цел давање основ за имплементација на хармонизираното законодавство односно ист третман на Европското законодавство со националното хармонизирано законодавство .

Давање основ за преземање на ефективни мерки при надорот согласно посебните секторски закони . Доусогласување со Регулативата каде е определен односот на законот со други прописи донесени врз основа на закони во кои не постојат одредби кои имаат иста цел, се од иста природа или имаат ист ефект.

Со Членот 4 се дополнува Членот 4 од постојниот закон со дефиниции кои се усогласени со Регулативата на ЕС 765/2008 година во однос на нивното значење,.

Со членот 5 се менува членот 5 и се усогласува со Регулативата 765 каде безбедноста на производите кои се пуштени на пазарот согласно посебните законски прописи и на законодавството на земјите - членки а кои може да влијаат на здравјето или безбедноста на корисниците и доколку не се во сообразност со применливите барања утврдени со законите и со прописите донесени врз основа на тие закони, се повлекуваат или се забранува или ограничува нивното пуштање на пазарот, за што јавноста и надлежните државни органи во Република Македонија и земјите членки на Европската унија соодветно се информираат. Преземање мерки согалсно националното законодавство, овие мерки важат и за производите кои се произведени за сопствени потреби, се одредува улогата на Државниот пазарен инспекторат.

Со член 6 се утврдува начинот и постапката за инфирмирање на јавноста заодговорностите на органите за надзор на пазарот , и за давање на информации на Европската Комисија.

Со член 7 ссе доуредува член 7 од законот освен координација и комуникацијата на Координативноото тело се дефинира.

Со член 8 се доусогласува со Регулативата 768 односно се додава нов став 5 дека ВРМ ќе обезбеди ресурси и потребно знаење на органите за надзор на пазарот.

Со член 9 членот 10 се менува и се додаваат одредби како обврска и секторските програми да усогласат со Националната програма и да бидат јавно достапни и соработката со релевантни институции. И воведување на контрола на органите за надзор на пазарот најмалку секоја четврта година.

Со член 10 се доуредува членот 11 со доверливоста на податоците кои се доставуват при информирање на органите за надзор на пазарот или други инвполвирани институции и за јавноста.

Со член 11 се доуредува членот 12 во смисол на воведување на терминот забрана за производите кои претставуваат сериозен ризик и за рамена на информации преку системот за брзо информирање – RAPEX I и за преземените национални мерки при надзорот.

Со член 12 се менува членот 13 односно се доусогласуваат мерките за ограничување кои се преземаат од страна на органите за надзор на пазрот и дека се согласно хармонизираното законодавство и е релевантно со законодавтството наЕУ.

Со членот 13 се доусогласува како терминолошки така и со пропишување на постапките за размената на информациите преку RAPEX – системот дека мерките кои се преземаат ќе се обезбедат на Комисијата информации а за кои не се предвидени во овој член.

Со член 14 се доуредува контролата на граничните премини за производите кои се внесуваат на пазарот односно се пуштаат на пазар.

Со член 15 и 16 се доуредува законот со Регулативата во смисла на постапување согласно Европското законодавство и националното хармонизирано законодавство.

Со член 16 и 20 се уредува Примената на ЦЕ означувањето и Општите принципи за СЕ означувањето.

Член 18, член 19 и член 20 преодни и завршни одредби

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за надзор на пазарот се предвидува изменување на веќе постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот за надзор на пазарот ќе се усогласи терминологијата со терминологијата на европското законодавство, ќе се

овозможи ист третман на преземање на координирани ефективни мерки при вршење на надзорот на пазарот , кои се согласно хармонизираното законодавство во РМ и земјите – членки на ЕУ

.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредува координацијата на надзор на пазарот за производите кои се пуштаат на пазарот, контролата на производите кои се внесуваат на пазарот, како и примената и општите принципи на CE означувањето.

Цел

Член 2

Целта на овој закон е обезбедување координација на надзорот на пазарот на производите за да се осигура дека производите ги исполнуваат барањата за висок степен на заштита на јавните интереси како здравјето и безбедноста воопшто,

здравјето и безбедноста на работното место, заштитата на потрошувачите, заштитата на животната средина и безбедноста.

Примена

Член 3

(1) Одредбите на овој закон се применуваат во случај кога во други закони и во прописите донесени врз основа на тие закони не постојат посебни одредби кои имаат иста цел, се од иста природа или имаат ист ефект.

(2) Одредбите на овој закон се применуваат за производите опфатени со Законот за безбедност на производи и прописите донесени врз основа на тој закон, прекурсорите, медицинските помагала, медицинските производи за употреба кај луѓе, рекреативните пловила, радио и телекомуникациската опрема и другите производи за кои постојат суштествени барања во врска со аспектите односно видовите на опасности утврдени со прописите кои се однесуваат на барањата за тие производи.

(3) Одредбите на овој закон се применуваат за контрола на производи од други земји.

Значење на употребените изрази

Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

а) "достапност на пазарот" е секое набавување на производ за дистрибуција, потрошувачка или за употреба на пазарот на Република Македонија преку трговска активност со или без плаќање на надоместок;

б) „пуштање на пазар" е активност со која производот за прв пат станува достапен на пазарот во Република Македонија;

в) "производител" е секое правно или физичко лице кое произведува производи или обезбедува дизајн и производство на производот и истиот го пушта на пазарот под свое име или трговска марка;

г) "овластен застапник" е секое правно или физичко лице основано во Република Македонија кое добило писмено овластување од производителот да дејствува во негово име и за негова сметка за посебни активности од кои произлегуваат обврските за застапништво утврдени во овластувањето согласно закон;

д) "увозник" е секое правно или физичко лице основано во Република Македонија кое на пазарот во Република Македонија пушта производ од друга земја;

ѓ) “дистрибутер” е секое правно или физичко лице во синџирот на набавки кое не е производител ниту увозник, а пушта  производ на  пазарот;

е) „надзор на пазарот“ се активности и мерки кои се превземаат во координација на органите за надзор на пазарот  со цел да се обезбеди дека производите одговараат на барањата утврдени со  законите и со прописите донесени врз основа на тие закони и кои не ги  загрозуваат здравјето, безбедноста или други аспекти за заштита на јавниот интерес;

ж) „органи за надзор на пазарот“ се : Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот трудов инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, и други органи на државната управа или  инспектори кои  вршат надзор на пазарот во согласност со закон како и други органи и организации  и независни регулаторни тела што вршат надзор на пазарот.

ѕ) „економски оператори“ се производителот, овластениот застапник, увозникот  и дистрибутерот;

и) "пуштање во слободен промет" е постапка во согласност со одредбите на Царинскиот закон;

ј) “враќање” е секоја мерка која има за цел да постигне враќање на  производот кој е на располагање  на крајниот корисник;

к) “повлекување” е секоја мерка која има за цел спречување на определен производ кој се наоѓа во синџирот на набавки да биде достапен на пазарот;

л) "царински орган" е орган утврден со Царинскиот закон и Законот за Царинската управа.

## Општи барања за надзор на пазарот

## Член 5

(1) Со надзор на пазарот се обезбедува  производите во зависност од нивната намена или под условите кои се исполнети за нивно пуштање на пазарот и кога се соодветно инсталирани и одржувани, а кои може да влијаат на здравјето или безбедноста на корисниците или во било кој друг случај не се во сообразност со применливите барања утврдени со законите и со прописите донесени врз основа на тие закони, да се повлечат  или да се забрани  или ограничи нивното пуштање на пазарот, за што јавноста и надлежните државни органи во Република Македонија и земјите членки на Европската унија соодветно се информираат.

(2) Органите за надзор на пазарот, во рамки на своите годишни програми за надзор на пазарот и Националната програма за координација и преземање на

ефективни мерки за надзор на пазарот се должни да превземат мерки за било која категорија на производ во согласност со закон.

(3) Надзорот на пазарот се однесува и за производи кои се изработени или произведени за сопствени потреби на производителот согласно закон.

## I. КООРДИНАЦИЈА НА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

### Обврски за информирање

### Член 6

Министерството за економија ја известува Европската комисија за органите за надзор на пазарот и за нивните надлежности.

### Координативно тело за надзор на пазарот

### Член 7

(1) За постигнување на ефикасна координација на надзорот на пазарот и олеснување на размената на податоци и информации, се формира Координативно тело за надзор на пазарот (во натамошниот текст: Координативно тело).

(2) Координативното тело е составено од координатор, заменик координатор, секретар и претставници од органите за надзор на пазарот.

(3) Координативното тело го сочинуваат 12 членови од органите за надзор пазарот.

(4) Координаторот, заменикот координатор, секретарот и претставниците од ставот (2) на овој член, на предлог на министерот за економија ги именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

(5) Административно-техничките работи на Координативното тело ги врши Државниот пазарен инспекторат.

### Работи кои ги врши Координативното тело

### Член 8

(1) Координативното тело ги врши следните работи:

1. Воспоставува соодветни механизми за комуникација и координација помеѓу органите за надзор на пазарот;
2. Воспоставува соодветни процедури за:
   - следење на барањата или извештаите кои се однесуваат на ризикот за производите согласно закон;

- следење на несреќните случаи и опасностите по здравјето за кои постои сомневање дека се предизвикани од производите;
- да потврди дека корективни дејствија се превземени и навремено се известени органите за надзор на пазарот; и
- следење на научното и техничкото достигнување за прашања поврзани со безбедност на производите.

3. Врши активности во насока на олеснување на размената на податоци и информации меѓу органите за надзор на пазарот;
4. Остварува координација во спроведувањето на заедничките планови и постапки за постапување во итни случаи; и
5. Изработува и предлага Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот.

(2) Координативното тело за својата работа донесува деловник.

(3) Координативното тело доставува до Владата на Република Македонија извештај за својата работа за претходната календарска година најдоцна до крајот на месец февруари во тековната година, за информирање.

(4) Извештајот од ставот (3) на овој член се објавува на веб страницата на Министерството за економија.

Обврски на органите за надзор на пазарот

Член 10

(1) Органите за надзор на пазарот, нивните надлежности ги спроведуваат согласно начелото на пропорционалност.

(2) Органите за надзор на пазарот изработуваат и донесуваат свои годишни програми за надзор на пазарот согласно насоките утврдени за специфичните сектори за надзор на пазарот во Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот, како и да ги спроведат активностите од тие програми во текот на годината.

(3) Органите за надзор на пазарот вршат периодични оценувања и ажурирања на своите годишни програми за надзор на пазарот во случај на донесување на нови закони и прописи донесени врз основа на тие закони кои се однесуваат на нивните надлежности за надзор на пазарот и ги објавуваат на нивните веб страници.

Мерки за вршење на надзор на пазарот

Член 11

(1) Органите за надзор на пазарот вршат соодветни проверки на карактеристиките на производите преку проверка на документи, и каде што ќе има потреба, преку физички и лабораториски проверки на репрезентативни примероци.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, органите за надзор на пазарот водат сметка за принципите за оценка на ризик, барањата и другите информации.

(3) Органите за надзор на пазарот можат да побараат од економските оператори да им ја стават на располагање целата документација и сите информации кои сметаат дека се неопходни за спроведување на нивните активности и каде што тоа ќе се покаже како потребно и оправдано, да побараат да влезат во просториите на економските оператори и да земат потребни примероци од производите. Кога ќе сметаат за потребно, органите за надзор на пазарот можат да ги уништат или на друг начин да ги направат неупотребливи производите кои претставуваат сериозен ризик за здравјето и безбедноста, согласно закон.

(4) Во случај кога економските оператори ќе презентираат извештаи од тестирање или сертификати за оцена на сообразност издадени од акредитирано тело за оцена на сообразноста, органите за надзор на пазарот ќе ги земат предвид овие извештаи или сертификати.

(5) Органите за надзор на пазарот преземаат соодветни мерки за предупредување на корисниците во разумен временски рок согласно закон, за ризиците кои се утврдени кај било кој производ, со цел да се намали ризикот од повреда или друга штета.

(6) Органите за надзор на пазарот соработуваат со економските оператори во однос на активностите кои би можеле да ги спречат или намалат ризиците предизвикани од производите кои се пуштени на пазарот од тие економски оператори.

(7) Во случај кога органите за надзор на пазарот ќе одлучат да се повлече производ произведен во земја членка на Европската унија, за тоа ќе го известат економскиот оператор на земјата членка на адресата наведена на производот или на документацијата што го прати производот.

(8) Органите за надзор на пазарот своите надлежности ги вршат независно и непристрасно согласно закон.

(9) Органите за надзор на пазарот водат сметка за доверливоста на податоците, со цел да се заштитат трговските тајни или личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци и прописите за безбедност на класифицирани информации.

(10) Физичките и лабораториските проверки на репрезентативни примероци од став (1) на овој член, се вршат согласно динамиката утврдена во Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот, а средствата за нивно вршење се обезбедуваат во рамките на средствата на буџетите и финансиските планови на органите за надзор на пазарот.

Производи кои претставуваат сериозен ризик

Член 12

(1) Органите за надзор на пазарот обезбедуваат враќање, повлекување или спречување на производите кои се пуштаат на пазарот, а кои претставуваат сериозен ризик за кои е потребна брза интервенција, вклучувајќи го и сериозниот ризик чии последици не настануваат веднаш.

(2) За случаите од став (1) на овој член, Министерството за економија е должно веднаш да ја извести Европската комисија преку системот за брзо информирање за производите кои претставуваат сериозна опасност (RAPEX).
(3) Одлуката за тоа дали производот претставува сериозен ризик или не, ќе се заснова на соодветна проценка на ризикот, за што во предвид се зема природата на ризикот и веројатноста од негово настанување. Можноста за постигнување на повисоко ниво на безбедност на производот или постоењето на производи кои носат пониско ниво на ризик нема да се сметаат за оценка на производ кој носи сериозен ризик.

### Мерки за ограничување

### Член 13

(1) Органите за надзор на пазарот ќе обезбедат дека секоја мерка што ја преземаат е согласно со законите и прописите донесени врз основа на тие закони, за забрана или ограничување на производот достапен на пазарот, да се повлече од пазарот или да се врати, е пропорционална и го содржи правниот основ врз која е донесена.
(2) За мерките од став (1) на овој член, веднаш се известува економскиот оператор кој истовремено ќе биде известен и за расположливите правни лекови и за роковите за нивно поднесување согласно закон.
(3) Пред преземање на мерката од став (1) на овој член, економскиот оператор може да ги достави своите забелешки во рок не подолг од 10 дена од денот кога го примил записникот за извршениот надзор.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, економскиот оператор нема да може да ги даде своите забелешки поради итноста на мерката која се донесува за заштита на јавниот интерес, за заштита на здравјето или безбедноста или друг основ кој се однесува на јавниот интерес согласно закон.
(5) Во случаите од став (4) на овој член, економскиот оператор може да ги даде своите забелешки во најкус можен рок по превземеното дејствие на органите за надзор на пазарот, при што превземеното дејствие може веднаш да биде преиспитано.
(6) Ако економскиот оператор докаже дека превзел ефективни дејствија, мерките од став (1) на овој член веднаш ќе се повлечат или изменат.

### Размена на информации преку системот за брзо информирање за производите кои претставуваат сериозна опасност (RAPEX)

### Член 14

(1) Ако органите за надзор на пазарот преземат или имаат намера да преземат мерка согласно член 12 на овој закон и сметаат дека причините за преземање на мерката или ефектите на мерката ја надминуваат територијата на Република Македонија, Министерството за економија за тоа веднаш ја известува Европската

комисија преку системот за брзо информирање за производите кои претставуваат сериозна опасност (RAPEX) согласно Законот за безбедност на производите и прописите донесени врз основа на тој закон.

(2) Ако производот претставува сериозен ризик при пуштањето на пазарот, Министерството за економија веднаш ја известува Европската комисија, за секоја доброволна мерка превземена од економскиот оператор за која што известил.

(3) Информациите кои се доставени согласно ставовите (1) и (2) на овој член задолжително ги содржат сите релевантни податоци, особено податоците кои се потребни за идентификација на производот, потеклото на производот и синџирот на набавки, ризикот кој го носи, природата и времетраењето на донесената мерка, како и за сите мерки кои економскиот оператор доброволно ги презел.

.

## Општи барања за контрола на производите кои се внесуваат на пазарот

### Член 16

(1) Контролата на производите кои се внесуваат на пазарот во Република Македонија ја спроведува царинскиот орган во соработка со органите за надзор на пазарот во рамки на надлежностите утврдени со закон.

(2) Органите од став (1) на овој член се должни да вршат соодветни проверки на карактеристиките на производите согласно со принципите утврдени во член 11 ставовите (1), (2), (3) и (4) од овој закон, пред тие да се пуштат во слободен промет.

(3) Царинскиот орган и органите за надзор на пазарот се должни меѓусебно да соработуваат разменувајќи информации кои се однесуваат на нивните надлежности.

(4) Царинскиот орган е должен да го спречи пуштањето во слободен промет на производот кога еден од следните наоди е констатиран при проверките од став (1) на овој член:

а) производот е со карактеристики кои предизвикуваат причина да се верува дека производот, кога соодветно ќе се инсталира, одржува и користи, претставува сериозен ризик за здравјето, безбедноста, животната средина или на било кој друг јавен интерес;

б) производот не го придружува писмена или електронска документација која е задолжителна согласно закон или не е означен согласно тие закони и прописи; и

в) производот е означен со погрешна или лажна "CE" ознака.

(5) Во случаите од став (4) на овој член, царинскиот орган веднаш ги известува органите за надзор на пазарот за секое спречување за пуштање во слободен промет на производот.

(6) За поефикасно остварување на целите од овој член, царинскиот орган и органите за надзор на пазарот склучуваат меморандуми за соработка.

Пуштање на производите во слободен промет

Член 17

(1) Производот чие што пуштање во слободен промет било спречено од царинскиот орган согласно член 16 од овој закон, може да се пушти во слободен промет доколку во рок од три работни дена од денот на неговото спречување, царинскиот орган не добие известување за било какви дејствија преземени од органите за надзор на пазарот и под услов да се исполнети сите други барања и формалности за негово пуштање во слободен промет.

(2) Кога органите за надзор на пазарот ќе утврдат дека производот не претставува сериозен ризик за здравјето и безбедноста или кога не е во спротивност со барањата утврдени со закон, тој производ ќе биде пуштен ако ги исполнува сите други барања и формалности за негово пуштање во слободен промет.

Национални мерки

Член 18

(1) Кога органите за надзор на пазарот ќе утврдат дека производот претставува сериозен ризик, тие се должни да ги превземат сите мерки за забрана на пуштање на производот на пазарот и ќе побараат од царинскиот орган на фактурата која го придружува производот и на било кој друг придружен документ или во електронскиот систем за обработка на податоците да ја наведе следнава забелешка:

„Опасен производ – не е дозволено пуштање во слободен промет" – и се наведуваат одредби од соодветниот закон.

(2) Кога органите за надзор на пазарот ќе утврдат дека производот не е во согласност со барањата утврдени со закон, преземаат соодветни мерки со кои може, доколку е неопходно, да се забрани тој производ да се пушти на пазарот.

(3) Кога пуштањето на пазар е забрането согласно став (2) на овој член, органите за надзор на пазарот се должни да побараат од царинскиот орган да не го пушти производот во слободен промет и на фактурите кој го придружуваат производот и на било кој друг придружен документ или во електронскиот систем за обработка на податоците да ја наведе следнава забелешка:

„Несообразен производ – не е дозволено пуштање во слободен промет" – и се наведуваат одредби од соодветниот закон.

(4) Кога тој производот повторно бил пријавен во царинска постапка, која е различна од пуштање во слободен промет и органите за надзор на пазарот немаат забелешки, забелешките од ставовите (1) и (3) на овој член ќе се наведат во документите кои се користени во таа постапка.

(5) Органите за надзор на пазарот во соработка со царинскиот орган може да ги уништат, или на друг начин да ги направат неупотребливи производите кои претставуваат сериозен ризик согласно закон.

(6) Органите за надзор на пазарот се должни да го информираат царинскиот орган за категориите на производи кои претставуваат сериозен ризик или за кои било идентификувано дека не се во согласност со ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

Примена на CE означувањето

Член 19

CE ознаката претставува единствена ознака со која се потврдува сообразноста на производот со применливите барања утврдени во законите и прописите донесени врз основа на тие закони со кои се уредува постапката за нејзино ставање.

Општи принципи за примена на CE ознаката

Член 20

(1) CE ознаката се става само од производителот или неговиот овластен застапник.

(2) CE ознаката се става само на производи за кои е утврдено нејзино ставање во законите и прописите донесени врз основа на тие закони и не се става на ниту еден друг производ.

(3) Со ставање или со прикачување на CE ознаката, производителот наведува дека превзема одговорност за сообразноста на производот со сите применливи барања утврдени во законите и прописите донесени врз основа на тие закони со кои се уредува постапката за нејзино ставање.

(4) Не е дозволено ставањето на други ознаки на производот за кои постои веројатност дека трети лица би можеле да бидат доведени во заблуда во однос на значењето на CE ознаката.

Одложена примена

Член 23

Одредбите на член 11 став (7), член 14 став (1) и член 15 од овој закон ќе се применуваат со влегувањето во сила на соодветен договор за оцена на сообразност со Европската Унија .